SOCIO

# Годишен извештај од мониторинг и евалуација на социјалната услуга – помош и нега во домот за 2024 година



**Декември, 2024**

# Содржина

Вовед ........................................................................................................ 3

Профил на СОЦИО како давател на социјалната услуга ........................................ 3

Корисници на услугата помош и нега во домот - демографски и здравствени податоци .................. 4

Евалуација на работата на негувателите ............................................................ 7

Клучни наоди ................................................................................................ 7

Заклучоци ..................................................................................................... 8

# Вовед

Процедурите за мониторинг и евалуација на социјалните услуги се од клучно значење за Здружението за обезбедување социјални услуги СОЦИО Гостивар, како лиценциран давател на социјални услуги. Целта е обезбедување точен увид во спроведувањето на услугата помош и нега во домот, согласно законски пропишаните стандарди за спроведување на услугата.

При спроведувањето на социјалните услуги, важно е да се следи нивниот напредок. Кои се конкретните мерки што се преземаат за решавање на пречките на кои наидуваат корисниците? Кои влезни елементи се користат и колку се троши на нив? Дали чинителите навремено ги исполнуваат своите обврски? Следењето на активностите е важно од две причини. Прво, учесниците се држат на одговорност и се поттикнува дејствување. Второ, раното идентификување проблеми при имплементацијата овозможува да се преземат корективни мерки. Поради ова, во системите за мониторинг треба редовно да се известува. Системите за мониторинг се потпираат врз административни записи.

Евалуацијата е системска и целна проценка за тековни или завршени социјални услуги, нивниот дизајн, спроведување и резултати.

Евалуацијата ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста. Евалуацијата треба да обезбеди информации кои што се точни и корисни со што се овозможува да се научи од претходните искуства во однос на носењето на идни одлуки и за примателите на помош и за давателите на услуги.

# Профил на СОЦИО како давател на социјалната услуга

Здружението за обезбедување социјални услуги СОЦИО е основано со поддршка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) преку Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Согласно мерката на Агенцијата за вработување (АВРМ) и УНДП за поддршка за претприемништво и формирање на правни субјекти даватели на услуги, за грижа во заедницата, регистрирано е здружение на граѓани СОЦИО кое треба да биде сервис за социјални услуги, со посебен акцент на палијативната нега.

Здружението е регистрирано на 26.01.2022 Согласно Законот за здруженија и фондации 10.09 – останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани. Приоритетна дејност: 88.99 – Останати дејности од социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место. Здружението се стекна со Решение, односно Дозвола за вршење дејност во социјалната заштита, обезбедување на услугата – ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ од страна на 19 негуватели и 1 координатор (арх. број 10-1612/14).

Здружението склучи Управен договор со Министерството за труд и социјална политика на 17.01. 2024 (арх. број 1056/66) за обезбедување на услугата помош и нега во домот во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024. Од февруари 2024 согласно Управниот договор, услугата помош и нега во домот се обезбедува за 43 корисници, со решение од ЈУ ЦСР Гостивар.

Согласно Статутот, Здружението за обезбедување социјални услуги СОЦИО, поведува иницијативи и учествува во градење на јавно мислење и креирање на политиките, решавање на општествените предизвици во областа на социјалната заштита. Промовира, информира и реализира активности за унапредување на социјалните услуги во заедницата.

### Професионален кадар на СОЦИО

СОЦИО во редовен работен однос има шест негувателки и тринаесет ангажирани негувателки со скратено работно време за испорачување на услугата помош и нега во домот. Покрај негователките, здружението има вработено и координаторка, одговорна за непосредно раководење, проценка на потребите на корисниците и координација на работата.

Работата на негувателките е организирана согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги.

Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош за остварување на основни и инструментални активности од секојдневниот живот на корисникот.

| **Број на вработени лица- негуватели** | **Број на хонорарно ангажирани лица** | **Координатор** |
|---|---|---|
| 6 | 13 | 1 |
| **Вкупно** | | **20** |

*Табела 1: Професионален кадар на Социо*

## Корисници на услугата помош и нега во домот - демографски и здравствени податоци

Корисници на услугата помош и нега во домот се лица со намален, значително намален и целосно отсутен функционален капацитет, кои не можат сами да се грижат за себе и живеат во сопствен дом.

Процедурите за мониторинг и евалуација на социјалната услуга се засноваат на минималните стандарди што го претставуваат основниот квалитет за услугата што мора да се обезбеди - основни и инструментални активности од секојдневниот живот на корисникот.

СОЦИО има 43 корисници. **Најголем број од корисниците спаѓаат во возрасните категории од 76 до 85 годишна возраст.** Во однос на половата структура, жените се повеќе застапени, односно дури 30 кориснички се жени. Најбројни се жените во категоријата од 76-80 години.

| **Возраст** | **Машки** | **Женски** |
|---|---|---|
| Под 65 | 1 | 1 |
| 65-70 | 0 | 1 |
| 71-75 | 1 | 5 |
| 76-80 | 3 | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| 81-85 | 5 | 10 |
| 86 и над | 3 | 1 |
| **Вкупно** | **13** | **30** |

*Табела 2: Возрасна и родова структура на корисниците*




*График 1: Возрасна и родова структура на корисниците*

| **Етничка припадност** | **Мекадонец/ка** | **Албанец/ка** | **Ром/ка** |
|---|---|---|---|
| | 38 | 4 | 1 |

*Табела 3: Етничка припадност на корисниците*

Според етничка припадност најголем дел од корисниците се Македонци/ки (38 корисници Македонци/ка), 4 се Албанци/ки и една Ромка.

Здравствената и социјална состојба на старите лица е од огромно значење за цела популација, не само поради разбирањето на потребите на оваа категорија туку и за објективно согледување на постоечката ситуација во пружање на здравствени и социјални услуги.

Најчести хронични заболувања и состојби кај старите лица се: покачен крвен притисок, покачен холестерол, артритис, исхемична срцева слабост, дијабет, хронична бубрежна инсуфициенција (болест), депресија, Алцхајмерова болест и деменција како и хронична опструктивна пулмонарна болест. Покрај главната дијагноза, корисниците имаат и дополнителни болести. Корисниците имаат сериозни долготрајни ограничувања во вообичаените активности и самостојно живеење поради здравствените проблеми.

| *Дијагноза* | *Број на корисници* |
|---|---|
| Мозочен удар | 9 |
| Дијабет | 5 |
| Хипертензија | 10 |
| Паркисонова болест | 2 |
| Деменција | 9 |

| | |
|---|---|
| Скршеница на колк | 3 |
| Канцер | 2 |
| Проблеми со срце | 3 |

*Табела 4. Дијагнози на корисниците*

Со услугата помош и нега во домот, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

Најголем дел од корисниците, услугата ја користат 40 часа месечно.

Социјалните услуги се обезбедуваат преку користење на индивидуализиран пристап, прилагоден на карактеристиките и потребите на корисникот. Најчесто тоа е комбинација на основни и инструментални активности. Основни активности од секојдневниот живот се: одржување лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет и менување пелени и подлоги во случај на континенција. Инструментални активности од секојдневниот живот се: поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија, користење телефон и помош во управување со буџет.

| Број на часови | 10 часа | 30 часа | 20 часа | 40 часа | 80 часа |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на корисници | 1 | 1 | 11 | 23 | 5 |

*Табела 5: Број корисници и на доделени часови*



*График 2: Број корисници и на доделени часови*

## Евалуација на работата на негувателите

За евалуација на работата на негувателите се користат неколку алатки: редовни месечни посети на корисниците, интервјуа и полу-структуиран прашалник за корисниците и членови на нивните семејства. Врз основа на ова се подготвуваат редовни месечни извештаи од мониторингот на социјалната услуга.

За подготовка на овој годишен извештај, прибирањето на податоците, односно спроведувањето на интервјуата беше спроведено во периодот 15 ноември – 5 декември 2024. Интервјуата се спроведуваа директно со корисниците на услугата, со тие корисници чијашто психо-физичка состојба го овозможува тоа. Додека пак, дел од интервјуата беа реализирани со членовите на потесното и пошироко семејство поради состојбата на корисниците (деменција, мозочни удари). Процесот беше спроведен од страна на координаторот на СОЦИО и двете соработнички за мониторинг и евалуација на услугата.

## Клучни наоди

Првото прашање се однесува на задоволството на корисниците од услугата помош и нега во домот.

| Број на корисници | Задоволен/а | Незадоволен/а | Делумно |
|---|---|---|---|
| | 40 | / | 3 |

*Табела 6: Задоволство од услугата*

Податоците укажуваат на висок степен на задоволство на корисниците од услугата. Дури 40 корисници се задоволни од услугата, 3 се делумно задоволни и ниту еден не искажа незадоволство.

Овие бројки кореспондираат и со следното прашање: Дали Ви се испорачуваат сите потребни услуги во однос на грижа и помош во домот? На ова прашање дури 42 корисници одговорија потврдно.

Следното прашање се однесува директно на работата на негувателките. Скоро сите корисници (41) се задоволни од работата на негувателките. Само двајца немаа ниту позитивен, ниту негативен став кон негувателките.

| Број на корисници | Задоволен/а | Незадоволен/а | Ниту задоволен/ниту незадоволен/а |
|---|---|---|---|
| | 41 | / | 2 |

*Табела 7: Задоволство од работата на негувателките*




*График 3: Задоволство од работата на негувателките*

## Заклучоци

**1. Помош во секојдневните обврски и потреби**

Наодите од интервјуата укажуваат дека негувателките играат критична улога во поддршката на корисниците, помагајќи им да ги исполнат своите секојдневни обврски и потреби. Тие обезбедуваат помош во активности како што се:

- Одржување лична хигиена;
- Подготовка на топли пијалоци и јадење;
- Одржување на хигиената на просторот во којшто живеат корисниците;
- Мерење на крвен притисок и нивото на шеќер во крвта;
- Чување/следење на здравјето и состојбата на корисниците, известување за промени во телесното и менталното функционирање;
- Пазарување на основни намирници;
- Набавка на потребните лекови;
- Придружување до лекарските прегледи и консултации;
- Плаќање сметки.

**2. Вредноста на професионалноста и внимателноста**

Корисниците многу ја ценат професионалноста и внимателноста на негувателките. Тие истакнуваат дека негувателките покажуваат голем интерес и грижа за нивното здравје, со што се создава високо ниво на доверба и задоволство. Оваа посветеност кон професионалната етика и љубезноста кон корисниците е клучна за успешноста на услугата.

**3. Важноста на социјалниот контакт**

За многу корисници, посетите на негувателките претставуваат не само здравствена помош туку и важен социјален контакт. Овие посети значително го подобруваат психолошкото и емоционалното здравје на корисниците, создавајќи чувство на поддршка и општествена вклученост. Корисниците често истакнуваат дека овие интеракции се важен дел од нивниот ден и придонесуваат кон подобрување на нивната вкупна благосостојба.

**4. Поддршка од семејствата**

Членовите на семејствата исто така изразија задоволство од услугите на негувателките. Тие нагласија дека оваа поддршка значително им го олеснува секојдневието, овозможувајќи им да посветат повеќе време на други обврски и активности. Семејствата ја истакнуваат професионалноста, емпатијата и посветеноста на негувателките, кои секогаш се подготвени да помогнат и да одговорат на сите прашања и потреби.

**5. Потреба од дополнителни часови и услуги**

Некои корисници и членови на нивните семејства ја истакнаа потребата од дополнителни часови за помош и обезбедување на услугата за време на празници и викенди. Ова би помогнало да се осигура континуирана поддршка и во оние моменти кога е најпотребна.

**6. Евалуација на Услугата**

Евалуацијата покажа дека услугата помош и нега во домот е ефикасна во пружањето на квалитетна нега и поддршка на корисниците и нивните семејства. Негувателките не само што им помагаат на корисниците со здравствените потреби, туку и значително придонесуваат кон нивната вкупна благосостојба и задоволство.

Овие заклучоци ја истакнуваат важноста на услугите на негувателките и нивното позитивно влијание врз корисниците и нивните семејства.